На 8 април 2021 година се одржа **годишниот анти-корупциски форум на најголемата антикорупциска мрежа во Југоисточна Европа СЕЛДИ** чија членка е и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). На форумот се дискутираше анти-корупциската агенда на земјите од Западен Балкан за следната деценија. Претставници од мрежата СЕЛДИ го презентираа најновиот Регионален извештај за анти-корупција – Западен Балкан 2020: Ризици од заробена држава и реформи на политиките, кој е оценка заснована на повеќе фактори на ранливост на корупција и капацитетот за борба со корупција во регионот, за период од две години.



**Според Извештајот, притисокот за заробеност на државите во регионот останува на високо ниво**. Резултатите покажуваат дека ниту една од земјите не е близу до целосно зафаќање на државата, но има **критични нарушувања во функционирањето** на демократските и економските контроли и рамнотежа. Степенот до кој се толерира корупцијата во пошироката јавност е важен показател за напредокот во интегритетот на јавните функции. **Системот за следење на корупцијата на СЕЛДИ**, кој мери ситни форми на корупција (мито), **покажува дека прифатливоста на корупцијата останува релативно висока во Западен Балкан**. Највисока е во **Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Косово**.

Заменик на претседателот на Владата за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски, го претстави **планот на Владата** на Република Северна Македонија „**Акција 21 – за европски стандарди дома**“ со **осумнаесет мерки за поттикнување на институционалните и анти-корупциските реформи**. Тој посочи дека пристапот на владата се потпира на **дигитализација на јавните услуги и регистри**, со што ќе се отстрани било какво субјективно влијание во административните постапки.

Никола Бертолини, раководител на Одделот операции од Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија и Џулио Венери, Раководител на Центарот за тематска експертиза, владеење на право, темелни права и демократија при Генералниот директорат на Европската комисија за соседство и преговори за проширување (ДГ НЕАР) ја потврдија **јасната посветеност на Европската Унија на регионот**, но исто така ја потенцираа и потребата од демонстрирање на политичка волја за видливи реформи во земјите од Западен Балкан. Тие истакнаа дека неодамна одобрениот Економски и инвестициски план за Западен Балкан обезбедува неверојатна **можност за зголемување на конкурентноста и инклузивниот раст на регионот**. Сепак, спроведувањето на планот оди рака под рака со пристапот „темелните права на прво место“, како и заложбите за справување со измамите, корупцијата, перењето пари и злоупотре-бата на службена должност со ефективни, убедливи и санкции пропорционални на кривичните дела. Така, финансиската помош од девет милијарди евра, предвидена со овој план, ќе може да се искористи **само доколку земјите покажат контрола и транспарентност во распределбата на**

**средствата.**

Панелистите се согласија дека справувањето со корупцијата е комплексно прашање кое може да трае со децении. **Земјите не треба да го губат мотивот за реформи**, ниту да потклекнат под економските или политичките влијанија на претставници на полу-авторитарните режими. Патот напред може да вклучи различни меѓународни и национални актери, како граѓанското општество, зајакнувањето на политиката на условеност на ЕУ, и интегрирање на напорите во борбата против корупцијата во поширок контекст на политики.